РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-281/4
29-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на продолжението на 57-та седница одржано на ден 21.12.2021 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-1546/1 од 09.03.2020 година, оформен по доставена пријава за службено лице ------------------------------------------ директор на ООУ „------------------" - ---------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган.

Предметот со број 12-1546/1 од 09.03.2020 да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 09.03.2020 година, поднесена е пријава за службено лице ---------------------------------------- директор на ООУ „-----------------" – -------------- и оформен е предмет број 12-1546/1 од 09.03.2020 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за сторени незаконитости од страна на службеното лице во однос на оглас бр.8 за вработување на наставник по одделенска настава со 20 наставни часа на определено работно време до 31.08.2020 година бр.04-629/2 објавен на 20.12.2019 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајме". Во пријавата се наведува дека во спроведувањето на овој оглас не е испочитуван член 12 став 2 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, кој е во врска со член 10 став 3 од истиот закон. Во продолжение се наведува дека директорката не го почитувала решението на Државниот просветен инспекторат и наместо да ги отстрани констатираните неправилности таа не врши избор со што повторно го крши Законот за основното образование чл.113.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државниот просветен инспекторат, во однос на наводите од пријавата. Од страна на инспекторат е доставен одговор, со прилог акти од извршен инспекциски надзор.

Државниот просветен инспекторат извршил вонреден инспекциски надзор во училиштето на 23.01.2020 година и врз основа на фактичката состојба утврдил неправилности во работењето: училишниот одбор не постапил согласно член 12 став 2 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, односно во изготвениот предлог за наставник по одделенска настава ја немаат земено во предвид одредбата од членот 10 став 3 од истиот закон; директорот на училиштето не извршил правилен избор на кандидатите согласно член 10 став 3 и член 12 став 1 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и член 113 алинеја 9 од Законот за основното образование. За овие недостатоци инспекторатот донел решение со опомена за отстранување на констатираните неправилности.

Државниот просветен инспекторат извршил и контролен инспекциски надзор на 12.02.2020 година при што е констатирано дека е постапено по издаденото решение, по што го запира постапувањето по предметот. Имено, се наведува дека од страна на директорот на училиштето е донесена одлука за поништување на точка 8 од член 1 од одлуката за избор од пријавени кандидати по распишан оглас бр.04-629/2 од 19.12.2019 година, а исто така донесени е решение за поништување на важноста на договорот со избраниот кандидат.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека постапил и преземал мерки надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател
Биљана Ивановска**